HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

НОЕМВРИ

2025

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје и не ги отсликува ставовите на Европската Унија.**

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Фундаменталните човекови права на прво место: Активен придонес за владеење на правото

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Содржината на овој продукт е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

01

вовед

02

говор на омраза

03

дела од омраза

04

затворени институции

05

бесплатна правна помош

06

Креативна музичка работилница во ВПД Тетово

# ВОВЕД

Во првите денови од ноември стигна Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија. Според Хелсиншкиот комитет за човекови права, нотирани се згрижувачки наоди во делот што се однесува на недискриминацијата, родовата еднаквост и положбата на граѓанското општество. Извештајот недвосмислено укажува дека земјата го одложува усогласувањето на принципите на недискриминација во сите релевантни закони, што претставува сериозен чекор назад во однос на претходно добиените резултати.

Извештајот нотира дека нема напредок во независноста на судството. Во Извештајот се наведува дека „корупцијата останува причина за сериозна загриженост".

„Случајот во дискотеката 'Пулс' во Кочани, во која загинаа 62 лица, откри институционална немарност и коруптивни практики", пишува во Извештајот.

Особено се алармантни последните измени на Законот за основното образование, Законот за средното образование и Законот за учебници, кои беа донесени по скратена постапка и без соодветни консултации со засегнатите страни. Со овие измени беа отстранети содржини поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје, како и со родовата еднаквост, што претставува директно нарушување на европските вредности и обврските што државата ги презема во процесот на пристапување кон ЕУ.

# ВОВЕД

Дополнително, говорот на омраза базиран врз род и сексуална ориентација, како и заканите кон бранителките на човековите права остануваат широко распространети, особено на социјалните мрежи.

Наодите од Извештајот на Европската комисија за состојбата со човековите права во голема мера се поклопуваат со оние на Хелсиншкиот комитет.

Платформата за родова еднаквост со голема загриженост реагираше на начинот на кој дел од медиумите известија за трагичниот случај со младата студентка од Косово, која беше пронајдена мртва во Тетово на 5.11.2025 година. Платформата нотираше дека наместо професионално, одговорно, родово сензитивно и етичко информирање, сведоци сме на серија објави што користат сензационализам, шпекулации и сексистички јазик, вклучително и откривање на идентитетот на девојката и споделување нејзини фотографии. Таквите практики претставуваат сериозно прекршување на Кодексот на новинарите, според кој новинарите имаат обврска за непристрасно известување, заштита на приватноста и почитување на достоинството на жртвите.

Во пресрет на првото судско рочиште, Хелсиншкиот комитет за човекови права и организациите што членуваат во Блупринт групата за реформи во правосудството најавија дека ќе ја следат судската постапка поврзана со трагичниот пожар во импровизираната дискотека „Пулс“ во Кочани, во кој животот го загубија 63 млади луѓе, а над 200 беа повредени.

# ВОВЕД

Комитетот ја повика судската власт да обезбеди јавна, правична и непристрасна постапка, целосна одговорност за сите што со своите постапки или пропусти придонеле за трагедијата и заштита на достоинството на жртвите и нивните семејства во текот на процесот.

Во уште едно обраќање до јавноста, пред почетокот на судењето, Блупринт групата за реформи во правосудството потенцираше дека недовербата што ја изразуваат родителите и јавноста е гласна и оправдана реакција што се базира врз одамна изгубената доверба во институциите. Блупринт групата ја повика судската власт да обезбеди јавна, правична и непристрасна постапка, целосна еднаквост и фер третман за сите учесници во постапката, целосна одговорност за сите што со своите постапки или пропусти придонеле за трагедијата.

На 25 ноември, во рамките на активностите по повод Меѓународниот ден за елиминирање на насилството врз жените, Мисијата на ОБСЕ во Скопје го промовираше новиот механизам – Платформа за следење на фемицидите („Femicide Watch“) што се спроведува од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права во партнерство со Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, во соработка со повеќе државни институции.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - СЕПТЕМВРИ 2025

Во текот на септември 2025 година, на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 61 случај, од кои 27 (32 %) врз основа на етничка припадност и 20 случаи (24 %) врз основа на национална припадност и 19 случаи (23%) врз основа на политичка припадност, 5 случаи поради социјално потекло (6 %) и по 4 (4 %) случаи врз основа на раса и боја на кожа, 3 (4 %) случаи поради сексуална ориентација и родов идентитет и 3 случаи (4 %) поради пол и род, кои содржат елементи на говор на омраза, поттикнување и повикување на дискриминација и вознемирување.

# ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО НОЕМВРИ 2025




**Во текот на ноември 2025 година, на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 88 случаи, од кои 43 % врз основа на етничка припадност и 27 случаи (24 %) врз основа на национална припадност, како и 12 случаи (11 %) врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, 11 случаи (10 %) врз основа на политичка припадност и 6 случаи (5 %) врз основа на пол и род, кои содржат елементи на говор на омраза, поттикнување и повикување на дискриминација и вознемирување. Забележани беа и по два случаја врз основа на социјално потекло, боја на кожа и религиско уверување.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - НОЕМВРИ 2025

Победата на ВМРО-ДПМНЕ во Кичево, општина што со години беше под управата на кандидат поврзан со ДУИ, се перципираше како дел од пошироките политички поместувања на локалните избори низ државата, во кои владејачката коалиција освои значителен број општини. Овој резултат не беше доживеан само како локална политичка промена, туку и како симболичен пресврт во средина со изразена етничка и политичка чувствителност, што дополнително ја зголеми тензијата во јавниот дискурс.

Во таков контекст, изборниот исход беше брзо етнизиран и претворен во наратив на „победа“ и „пораз“ на цели заедници, наместо на политички програми и кандидати. Политичката конкуренција се префрли од програмско на идентитетско ниво, при што противниците се претставуваа како закана по колективниот идентитет, достоинството или правата на одредена етничка група. Оваа рамка создаде плодна почва за ширење говор на омраза, кој се манифестираше преку навреди, деградирачки квалификации и генерализации насочени кон етничка припадност, јазик или политичка определба.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - НОЕМВРИ 2025

Дополнително, социјалните мрежи одиграа улога на засилувач на ваквиот говор, овозможувајќи брзо ширење манипулативни содржини и непроверени тврдења, често без никаква одговорност. Отсуството на јасна, навремена и недвосмислена осуда од политичките лидери и институциите придонесе говорот на омраза да се нормализира и да се оправдува како „политичка реакција“ или „израз на револт“, наместо да се препознае како сериозна закана за општествената кохезија.

На овој начин, изборниот процес во Кичево покажа како политичките промени, кога се соопштуваат преку исклучувачки и етнизирачки наративи, може директно да придонесат за појава и ескалација на говор на омраза со долгорочни последици врз меѓуетничките односи и довербата во демократските институции.

Дополнително беше евидентиран вознемирувачки говор поврзан со одбележувањето на 28 Ноември – Денот на албанското знаме. Во рамките на јавните прослави и на социјалните мрежи беа регистрирани содржини што вклучуваат навредлив и провокативен говор на етничка основа, насочен кон припадници на други заедници.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - НОЕМВРИ 2025

**Овие појави не беа изолирани инциденти, туку се вклопуваат во поширок контекст на зголемени меѓуетнички тензии и недоволна институционална реакција кон говорот на омраза во чувствителни периоди поврзани со национални и етнички симболи. Ваквиот говор има потенцијал да придонесе за продлабочување на недовербата меѓу заедниците и да ја наруши општествената кохезија, особено кога не е навреме и јасно санкциониран.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Етнизацијата на изборниот исход директно придонесе за говор на омраза. Изборната победа во Кичево беше интерпретирана како пораз или победа на цели етнички заедници, со што политичката конкуренција се префрли од програмско на идентитетско ниво и создаде услови за ескалација на говорот на омраза.

2. Недостигот на институционална и политичка реакција ја нормализираше омразата. Отсуството на јасна, навремена и недвосмислена осуда од политичките лидери и од институциите овозможи говорот на омраза да се оправдува како легитимна политичка реакција.

3. Чувствителните периоди и симболи претставуваат зголемен ризик. Изборниот процес и одбележувањето на 28 Ноември покажаа дека националните и етничките симболи, во контекстот на политички тензии, лесно се злоупотребуваат за поттикнување меѓуетничка нетрпеливост.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - 2025 ГОДИНА

## ПРЕПОРАКИ

1. Политичките актери да прекинат со исклучувачки наративи. Јавната комуникација мора да се фокусира на политики и одговорност, а не на идентитетски поделби што поттикнуваат омраза.
2. Институциите да реагираат навреме и јасно на говорот на омраза.
3. Засилен мониторинг и превенција во периоди со висок ризик. Да се воспостават засилени механизми за следење и спречување говор на омраза за време на избори и значајни национални празници во соработка со медиумите и граѓанското општество.

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - НОЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**Во текот на ноември 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 1 потенцијален инцидент со пристрасен мотив, за кој, во согласност со индикаторите (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.), постои разумно верување дека е сторен поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот. Имено, станува збор за еден потенцијален инцидент врз основа на етничка припадност, кога на стадионот „Фортуна" во Скопје, за време на фудбалски натпревар помеѓу екипите на ФК „Шкендија 77" и ФК „Брегалница", еден навивач на ФК „Шкендија 77" физички нападнал играч на ФК „Брегалница".**

**Потенцијалните инциденти се вклучени во Извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде што според другите индикатори постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани. Меѓу овие пристрасни индикатори се перцепција на жртва/сведок; коментирање на самото место; разликата помеѓу жртвата и сторителот на етничка основа; модел/зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; отсуство на други мотиви; и место и време. Поточно, потенцијалните инциденти се вклучени во овој Извештај поради добиените информации за местото (пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде што во минатото се случувале злосторства од омраза), видот (пример: поголема група малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (пример: места на религиозни обреди).**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - НОЕМВРИ 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци:**

1. **Регистрираниот потенцијален инцидент укажува дека спортските настани и натпреварите меѓу екипи со различна етничка припадност и натаму претставуваат средини со зголемен ризик од појава на етнички мотивирано насилство, особено кога се вклучени навивачи.**
2. **Присуството на повеќе индикатори на пристрасност (место, време, разлика во етничката припадност помеѓу сторителот и жртвата и природата на насилството) укажува дека е потребно ваквите инциденти навреме да се идентификуваат и да се третираат како потенцијални злосторства од омраза, со цел да се спречи нивна ескалација и нивно повторување.**

**Препораки:**

- **Министерството за внатрешни работи, во соработка со фудбалските клубови и организаторите на спортски настани, да преземе засилени превентивни и безбедносни мерки за време на, и по спортски натпревари со зголемен ризик, вклучително и присуство на обучени службени лица за препознавање пристрасно мотивирано однесување.**
- **Надлежните институции да обезбедат доследна примена на индикаторите за препознавање злосторства од омраза при постапувањето по вакви инциденти, како и континуирана обука на полицијата, обвинителството и судиите за правилна квалификација и ефективно процесирање пристрасно мотивирани дела.**

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ НОЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**Состојбата во затворените институции – месечен извештај за ноември**

**Во текот на ноември 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права во рамките на програмата за бесплатна правна помош, како и проектот „Зајакнување на човековите права и услуги за децата и ранливите лица во ризик во затворени институции", финансиран од Европската Унија, обезбеди:**

- **Бесплатна правна помош за едно дете во судир со законот;**
- **Бесплатна правна помош за три осудени лица;**
- **Музичка работилница за штитениците на ВПД Тетово.**

**2. Краток преглед на обезбедени правни услуги**

**Бесплатна правна помош**

- **Преглед на законската регулатива и дадени правни совети;**
- **Поднесени барања за слободен пристап до информации до надлежните институции;**
- **Обезбедени правни информации, совети и упатувања на странките.**
-

**3 Заклучоци и препораки**

**Реализираните активности придонесоа за зајакнување на правната информираност и заштитата на правата на странките преку систематски преглед на законската регулатива, обезбедување правни совети и навремено упатување до надлежни институции.**

.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ НОЕМВРИ 2025 ГОДИНА

Поднесувањето барања за слободен пристап до информации се покажа како ефикасен механизам за зголемување на транспарентноста и отчетноста на институциите и за обезбедување релевантни податоци за понатамошно застапување.

Проектните активности во ВПД Тетово – Волковија, особено интерактивната музичка работилница, имаа позитивен ефект врз психосоцијалната состојба на децата. Преку креативно изразување и заедничко музицирање беа поттикнати социјални вештини, доверба и чувство на припадност, што е од суштинско значење за процесите на ресоцијализација и реинтеграција. Активноста придонесе и за градење безбедна и поддржувачка средина во установата.

- Да се зајакне институционалниот одговор за заштита на правата и здравствената заштита на осудените лица, особено во делот на пристап до соодветна и континуирана здравствена грижа, како и преку подобрена координација помеѓу казнено-поправните установи, здравствените институции и надлежните органи за обезбедување ефективни и одржливи решенија.
- Да се воспостави континуитет на креативни и едукативни активности во ВПД Тетово, како што се музички, уметнички и психосоцијални работилници, како составен дел од програмите за ресоцијализација.

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| БПП | 26 | |
| СПП | / | |
| Вкупно | 26 | |
| | Број | Проценти |
| Пол | | |
| Мажи | 9 | 35% |
| Жени | 17 | 65% |
| Етничка | | |
| Македонци | 18 | 69% |
| Албанци | 4 | 15% |
| Роми | 1 | 4% |
| Странци | 1 | 4% |
| Географски региони | | |
| Скопски | 18 | 69% |
| Вардарски | 0 | 0 |
| Полошки | 1 | 4% |
| Пелагониски | 1 | 4% |
| Југозападен | 0 | 0 |
| Североисточен | 0 | 0 |
| Источен | 2 | 8% |
| Југоисточен | 0 | 0 |

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| Правни области | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Имотно право | 1 | 4% |
| Социјална заштита и осигурување | 2 | 8% |
| Заштита на деца | 4 | 15% |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 0 | 0 |
| Здравствено осигурување и заштита | 0 | 0 |
| Работни односи | 4 | 15% |
| Родово базирано и семејно насилство | 4 | 15% |
| Статусни прашања | 4 | 15% |
| Заштита на човековите права | 5 | 19% |
| Други | 1 | 4% |

# ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО ЖЕНСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ – ТЕТОВО

Во рамките на проектот „Зајакнување на човековите права и услуги за децата и ранливите лица во ризик во затворени институции“, финансиран од Европската Унија, Хелсиншкиот комитет за човекови права спроведе активности за подобрување на условите во женското одделение на Воспитно-поправната установа Тетово. Одделението беше опремено со нов мебел, основна опрема, рекреативни средства и дополнителни ресурси со цел создавање побезбедна, подостоинствена и стимулирачка средина за женските лица што издржуваат воспитно-поправна мерка.
Подобрувањата директно придонесоа за подобрен квалитет на секојдневниот престој и за проширување на можностите за личен развој. Единствената корисничка во моментот го потврди позитивното влијание од интервенцијата, нагласувајќи дека условите се значително подобри од претходното сместување, со повеќе слобода на движење, пристап до активности и пријатно уредени заеднички простории.
Оваа активност претставува дел од пошироките заложби за унапредување на условите, заштита на човековите права и поддршка за децата и за другите ранливи групи што се сместени во затворени институции низ државата.